PARTNERSHIP FOR BETTER BUSINESS REGULATION

# Проект на УСАИД - Партнерство за подобра бизнис регулатива

# USAID Project - Partnership for Better Business Regulation

# Projekti i USAID - Partneritet për rregullativë më të mirë afariste

## Законска рамка

1. **Закон за работни односи**„Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 244/10,47/11, 120/11, 11/12, 13/13, 25/13, 170/13)
2. **Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување** (објавен во “Службен Весник на Р.М“ бр. 142/08 и Одлука на Уставен суд У.бр.233/2008- “Службен весник на Р.М“ бр 62/2009, 64/09, 156/2009, 166/2010 53/2011, 185/2011,44/2012 и Одлука на Уставен суд У бр. 157/2011 од 14.11.2012 година -Сл. весник на РМ број 150/29.11.2012 година, 15/2013, 91/28.06.2013, 170/06.12.2013, 113/2014,180/2014,188/2014, 20/2015, 48/2015, 129/215, 217/215, 190/2016
3. **Законот за минимална плата** "Службен весник на Република Македонија" бр. 1/2012, 30/2014, 180/2014, 81/2015, 129/2015, 132/2017
4. **Закон за персонален данок од доход** „Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 3/94-исправка, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01,50/01, 52/01 и исправка, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 6/07- исправка ,160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/2010, 135/2011, 166/2012, 187/2013 и 13/2014, 116/2015, 129/2015, 199/2015, 23/2016

# Законска рамка

5. **Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството на РМ -** „Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/09, 84/10, 81/12 Спогодба 24.12.2013 . . . 115/14

6. **Уредба за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци** "Службен весник на Република Македонија" бр.50/2000, 64/2001, 110/2008, 82/2010, 12/2012, 05/2013, 1/2014 и 90/2014.

**7. Закон за данок од добивка** "Службен весник на Република Македонија" бр. 112/2014, 129/2015, 23/2016, 190/2016

# Закон за работни односи
# Плакање на работата - член 105/106

Платата е составена од

- **Основната плата -** се определува земајќи ги предвид барањата на работното место, за кое работникот го склучил договорот за вработување

- **Дел од платата за работната успешност -** се определува земајќи ги предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршењето на работата
- **Додатоци -** за посебните услови при работа

*Работодавачот може на работникот да му исплати 13-та плата, доколку работодавачот има можност да ја исплати.*

# Закон за работни односи
# Плакање на работата - член 105/106
# - додатоци

Се определуваат за посебните услови при работа кога основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:

- ✓ прекувремена работа 35% (работа од дома)
- ✓ работа ноќе 35% (работа од дома, различни временски зони)
- ✓ работа во три смени 5%
- ✓ работа во ден на неделен одмор 50%.
- ✓ додаток за минат труд 0,5% за секоја година изминат стаж

**важно**: *додатоците меѓусебно не се исклучуваат*

# Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување

<u>**Основица за пресметка и плаќање на придонеси е:**</u>

- *плата, дополнителни примања од работен однос утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и договорот за вработување, за лице во работен однос*;

# Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување

- **Најниска основица -** основица за пресметување и плаќање на придонесите не може да биде пониска од 50% од просечната плата по работник во Република Македонија – за 2017 – **16.439,00 ден/17.130** ***денари најниската бруто плата согласно законот за минимална плата***

- **Највисока основица -** највисоката месечна основица за пресметување и уплата на придонесите изнесува  12 просечни плати – за 2017 – **394.524,00 ден**

  - ✓ пензиско и инвалидско осигурување - 18%
  - ✓ здравствено осигурување - 7,3% + 0,5%
  - ✓ осигурување во случај на невработеност -1,2%

# Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанство на РМ - ОКД

- Дефиниција за плата (основна,успешност,додатоци)
- Пропишани основици за исплата на одделните видови надоместоци
- Задолжителност за исплата на минималните износи на надоместоците
- Оданочување на исплатите над пропишаните износи

## Општ колективен договор за стопанство на РМ – ОКД надоместоци

- Дневници за службени патувања во земјата
- **Дневници за службени патувања во странство**
- Теренски додаток
- Надомест за одвоен живот
- Надомест за користење сопствено возило за потребите на работодавачот
- Надомест на трошоците при селидба за потребите на работодавачот, во висина на стварните трошоци
- Регрес за годишен одмор и новогодишен надоместок

# Дневници за службени патувања во странство

- ***50% од утврдената дневница***, *ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата,*

- 20% *од утврдената дневница, ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на орга-нот на управата*

- 5% *од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над* 30 *дена. Под стручно усовршување се подразбира посе-та на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организирани во странство на мултилатерална и билатерална основа*

# Закон за персонален данок од доход - ЗПДД
# Оданочувања на лични примања

Лични примања во смисла на член 14 од овој закон претставуваат:

1) плата и надоместоци на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот;

1-а) **надоместоци на трошоци од работен однос исплатени над износите од членот 6 на овој закон** и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа утврдени со Законот за работните односи, Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, гранските колективни договори и прописите за органите на државната управа;

# Закон за персонален данок од доход - ЗПДД
# Ослободено од оданочување

**Член 6**

Данок на доход не се плаќа на примањата по основа на:

3-а) награди на ученици и студенти за време на **задолжителна практична работа** и обука до 4.000 денари месечно;

6) надоместок на трошоци за службени патувања, за теренски додаток (сместување, исхрана) или одвоен живот од семејството на вработени лица **во висина на најнискиот износ** утврден со општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, односно за вработените во нестопанството во висина утврдена со прописите за органите на државната управа;

6-б) организиран превоз до и од работа, како и исхрана за време на работа утврдени со закон, општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, односно за вработените во нестопанството во висина утврдена со прописите за органите на државната управа;

28) надоместок на трошоци за хотелско сместување, храна и превоз **за лица кои не се вработени кај филмскиот продуцент**, кои учествуваат при производство на филм наменет за јавно прикажување, во висина на стварните трошоци, утврдени врз основа на документ за направените трошоци.

# Закон за персонален данок од доход – ЗПДД достава на исплатни листи

**Член 77**

- *Исплатувачот од член 76 од овој закон е должен на обврзникот при секоја исплата да му издаде примерок од пресметката за аконтацијата на данокот и наплатените придонеси и збирен податок по истекот на годината најдоцна до 25 јануари наредната година, за вкупно платената аконтација.*

# Закон за данок од добивка – ЗДД
# Оданочување на надоместоци член 9

**Непризнаените расходи за даночни цели се исплатените надоместоци на трошоци и други лични примања од работен однос, освен утврдените со оваа точка во износи кои не го надминуваат:**

- **најнискиот износ на исплатените дневници** за службени патувања, теренски додаток или одвоен живот утврден со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството на Република Македонија и прописите за органите на државната управа, при што исплатите по овој основ меѓусебно се исклучуваат

- **износот на исплатениот регрес** за годишен одмор во висина од 40% од просечната месечна бруто плата по работник во Република Македонија,

- **осигурителни премии** кои ги плаќа работодавачот во корист на членовите на органите на управување, како и на вработените доколку истите не се одбиваат од плата, освен личното колективно осигурување на работниците

- трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд **над износот од четири просечни месечни бруто плати**, исплатени во претходната година во Република Македонија, на годишно ниво по вработен;

- итн.

# Наградување на вработените
# Финансиски

- **Паричните награди-бонуси кои се исплакаат на вработените во зависност од остварениот учинок или деловната успечност на работодавачот претставуваат основица за пресметка на придонеси**
  - **ЗРО дефинира**: *Работната успешност на работникот се определува земајќи ги предвид домаќинскиот однос, квалитетот и обемот на вршењето на работата, за којашто работникот го склучил договорот за вработување*.
  - **ЗПДД дефинира**: *Исплата по основ на деловна успешност на работодавачот*
  - **ЗПЗСО дефинира**: *дополнителни примања од работен однос утврдени во законот кој ги уредува работните односи, колективен договор и договорот за вработување, за лице во работен однос*
  - **ОКД дефинира:** *На работникот може да му се исплати и дел по основ на деловна успешност на работодавачот*
- *Важно*: Не се однесуваат на редовно работење со вообичаен ангажман за кое вработениот добива основна плата

# Заклучоци/препораки

1. **Практикантство –** законска измена за овозможување на подолго траење на практиканство и во период по дипломирање, како и јавно овластување за МАСИТ како институција за верификување на правото за користење практиканти и следење на искористеноста
2. **Работа од дома –** законска измена со пропишување на задолжителните елементи на договорот за работа од дома и прецизирање на можностите за евидентирање на работното време како и опциите за мешан модел на работа од дома и работа на работно место кај работодавачот
3. **Пробна работа –** законска измена со која пробната работа ќе биде различна од редовниот работен однос во поглед на правата и обврските на двете страни во насока на обучување на потенцијаниот вработен и испитување на неговата соодветност за определеното работно место и истовремено ослободување на работодавачите од определен дел на обврски кои произлегуваат од работниот однос
4. **Ослободување од персонален данок** за вработените во ИКТ индустријата
5. Уредување на **Акт за дефиниција на дневници за службени патувања во странство** кој ке биде прилагоден за стопанството
6. **Задолжителните лекарски прегледи** во состав на здравственото осигурување
7. **Признавање на трошоците за подобрување на условите за работа** (спорт, разонода, тим билдинг и сл. ) во функција на дејноста
8. **Е-маил комуникација**, официјален начин на комуникација работник-работодавач (решенија за годишен одмор, исплатни листи, потврди за исплатен персонален данок)

# Ви Благодарам за Вниманието.

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE